# ПРИЛОГ 4 – ОПИС НА УСЛУГИТЕ

## 1. Компоненти на услугата

Македонски Телеком АД за потребите на пристап до цревата за своите Партнери обезбедува:

**1.1** Црева со надворешен дијаметар од 40 мм и 32 мм и микроцрева со надворешен / внатрешен дијаметар од 10/8 мм, 5/3,5 мм. Освен наведеното на располагање се и кабловските окна како составен дел од кабловата инсталација на Македонски ТелекомАД. Пристапот до горе наведените елементи е во согласност со можностите и искористеноста на постојните и планираните капацитети на Македонски Телеком АД.

**1.2** Спецификации кои се однесуваат на завземањето на расположливите црева по принцип на црева или микро-црева со цел да се направи поделба на каблите помеѓу различни Оператори-корисници, како и распоредот на кои што цревата и микроцревата може да се сместат во цевките. Само целосни црева може да бидат доделени на некој оператор-корисник, т.е. не може заеднички да се користат одредени црева или микроцрева помеѓу повеќе оператори. Спецификациите соодветно ќе бидат доставени до операторот корисник по поднесено поединечно барање.

## 2. Компоненти на Пристап

**2.1.** Македонски Телеком АД треба на Операторот-корисник да му овозможи пристап до сопствената кабелска инсталација и придружна инфраструктура, како и можност да ги користи неискористените оптички влакна (dark fibre) доколку не постојат технички услови за обезбедување на ц црева во следните сегменти од својата пристапна мрежа, како што е прикажано на Слика 1 во Прилог 2 од оваа Референта Понуда и тоа:

**а)** Терминирани сегменти, пристап на црева

**б)** Влезен сегмент (eng. feeder), пристап на црева

**в)** Агрегациски сегмент (eng. Backhaul), пристап на црева или пристап на неискористено оптичко влакно (dark fiber) на барање на оператор-корисник.

**г)** Внатрешни инсталации во зградите, (за инсталациите чиј имател е Македонски Телеком АД).

**2.2.** Пристапот на неискористени оптички влакна (dark fiber) независно од тоа за кој сегмент во пристапната мрежа станува збор се обезбедува само доколку постојат заситени патишта на црева и во исто време има соодветен капацитет на неискористени оптички влакна (не се предмет на резервиран капацитет на Македонски Телеком АД).

**2.3.** Пристап до црева се обезбедува само за пристапната мрежа прикажано на слика 1 во Прилог 2. Основната или скелетната кабелска мрежа на Македонски Телеком АД не е предмет на овој пристап.

**2.4.** Пристапна мрежа на Македонски Телеком АД има различна топологија од дефинираната во претходната точка. Мрежната топологија од претходната точка е предвидена со Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства (слика 1 од Прилог 2), додека пристапната мрежа на Македонски Телеком АД се дели на примарна и секундарна мрежа. Примарна мрежа најмногу соодветствува на влезните сегменти, додека секундарната мрежа најмногу соодветствува на терминираните сегменти, но ваквата сегментација не може во целост да се поистоветува поради различните пристапни точки во кои се демаркираат различните мрежи/сегменти.

## 3. Услови за користење на Услугата

**3.1.** Македонски Телеком АД има право во својата кабелска инсталација или придружната инфраструктура да планира и инсталира кабли или опрема за моменталните или идните предвидливи потреби.

**3.2.** Доколку постојат повеќе оператори-корисници кои доставиле барања за пристап, Македонски Телеком АД е обврзан да обезбеди пристап на 4 оператори корисници.

**3.3.** Таму каде што физички и технички е невозможно Македонски Телеком АД да ги исполни барањата за пристап до кабелска инсталација и придружната инфраструктура поднесени од операторите-корисници, Македонски Телеком АД треба да обезбеди алтернативни рути кои што се најблиску до иницијалното барање и истите да му ги достави на операторот корисник на преговори.

**3.4.** Таму каде што нема слободен простор и каде што ќе се пронајдат неискористени кабли (целосно неактивни црева), истите треба да се отстранат за период од 30 денови од моментот кога Македонски Телеком АД е известен од операторот – корисник за фактичката состојба, со цел операторите-корисници да имаат пристап до слободната инфраструктура.